МЕТАМОРФОЗИС

Фондација за интернет и општество

# Правила за користење/комуникација во Whatsapp групите за комуникација меѓу новинарите и институциите

## Систем за брза комуникација при проверка на факти

1. Целата комуникација во групата е официјална и сите прашања и одговори се официјални прашања/изјави кои можат јавно да се користат.
2. Сите информации кои се споделуваат, за да бидат проверени, задолжително треба да одговараат на темата на групата.
3. Новинарот задолжително да сподели линк или слика на изворот на дезинформации, односно информацијата која треба да се провери.
   3.1. Во групата е дозволено проверување на вистинитоста на информации споделени од профили на социјални медиуми со 10 000 или повеќе следбеници.
4. Одговорното лице од надлежната институција ќе одговори на новинарското прашање/барање само откако модераторот на групата ќе го одобри прашањето според правилата на користење на групата и ќе го повика одговорното лице да одговори на истото.
5. Прашањата јавно поставени во групата не се право на ексклузивитет на новинарот кој ги поставува.
6. Во случај на тонска или видео изјава/одговор, истиот треба да биде јасно означен при нејзино објавување на програмата/страницата на медиумот
7. Одговорноста за точноста на дадениот одговор од страна на претставниците на институциите е кај одговорниот од институцијата која дава одговор.
   7.1. Метаморфозис не сноси одговорност за точноста на одговореното прашање.
8. Одговорноста за точно и прецизно пренесување на одговорот на прашањето е кај новинарот/медиумот кој го пренесува.
   8.1. Метаморфозис не сноси одговорност за погрешно пренесени изјави и/или изјави извадени од контекст.
9. При зачленување во групата новинарот потврдува дека доставените податоци се точни и за истото сноси лична одговорност.
10. Во случај на непочитување на правилата за комуникација новинарот ќе биде отстранет од групата.